**СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ**

# О Д Л У К А

за определување на надомест на членовите на Одборот за ревизија на Стопанска банка АД – Скопје

Скопје, јули 2024 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (С.О. бр. 438 / 31.5.2022 г., пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје, на седница одржана на 16.7.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

за определување на надомест на членовите на Одборот за ревизија на Стопанска банка АД – Скопје

1. Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје го определува износот на надомест за работата на членовите на Одборот за ревизија во следниот износ (нето):

   a. За позицијата Претседател на Одборот за ревизија: вкупен годишен нето износ од 6,000 евра.
   b. За позицијата член на Одборот за ревизија: вкупен годишен нето износ од 4,000 евра.

2. Одлуката стапува на сила на денот на донесувањето.

С.О. Бр.______
__________. 2024
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

**Претседател**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно Законот за банки и Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (СБ), надоместокот за работата на членовите на Одборот за ревизија го определува Собранието на акционери, следејќи ги принципите од Политиката за наградување на Банката.

**Постоечка структура на наградување**

Согласно последната одлука на Собранието на акционери од 2012 година, членовите на Одборот за ревизија имаат право на надомест во нето износ од 200 евра месечно.

**Причини за промени**

Со оглед на развојот на банкарството, постои потреба да се прилагоди надоместот на членовите на телата на Банката со пазарните нивоа.

Следствено, со цел да се обезбеди и фер пристап и да се подготви конкурентен предлог, Банката спроведе истражување на пазарот и останатите банки. Оваа анализа, во комбинација со Целниот профил на Надзорниот одбор, претставуваше основа да се предложи промена во наградувањето на независните членови и/или членовите кои не се повеќе вработени од НБГ Групацијата.

**Предлог**

a. За позицијата Претседател на Одборот за ревизија: вкупен годишен нето износ од 6,000 евра.
b. За позицијата член на Одборот за ревизија: вкупен годишен нето износ од 4,000 евра.

Членовите на Одборот за ревизија кои се вработени во НБГ Групацијата немаат право на надомест за нивната работа, односно нивниот статус останува непроменет како досега.

**Заклучок**

Предложената измена во структурата и износите на наградување на членовите на Одборот за ревизија ќе доведе до прилагодување на Банката со стандардите на пазарот.

Следствено, се предлага на Собранието на акционери да го одобри овој предлог со кој ќе се обезбеди дополнителна ефективност, лојалност, и задоволство во работењето на членовите на Одборот за ревизија.

**Скопје, јуни 2024 г.**